**НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Web: nkeu.mk**

***Втор циклус на Работната група 2 – Социјална политика и вработување (Поглавје 19)***

***Тема:*** **„Правните механизми за регулирање на работните односи во услови на пандемија предизвикана од КОВИД 19: лекции што ги научивме и лекции што треба да се научат"**

*Скопје, 27.01. 2021 година*

**ПРЕДЛОГ ПРЕПОРАКИ**

1. Во *Законот за работните односи*, во *Законот за администратвните службеници*, како и во другите релевантни закони потребно е да бидат конкретно дефинирани флексибилните форми на вработување (работа дома, кој може да работи дома, работа на интернет, условите за работа дома, инспекцискиот надзор, безбедноста и здравјето при работа дома со аспектот, работното време и начинот на проверка на работните задачи).

2. До завршување на процесот на нормативно уредување на флексибилните форми на вработување им се препорачува на работодавачите да донесат два вида на акти: посебен Правилник за вршење на работа дома и Анекс на договорите за вработување на оние вработени кои моментално работат дома.

3. За справување со новите професионални ризици потребно е МТСП да направи законски интервенции во *Системот на безбедност и здравје при работа* со нов закон, или најмалку со законски измени и дополнувања, а со цел: **а)** воспоставување на единствен систем на евиденција на повреди и професионални заболувања на работното (единствен регистар); **б)** јакнење на превентивниот пристап наместо интервентниот (заштита наместо лечење на болести); **в)** препознавање на Сарс-Ков 19 како ризик на работното место.

4. Да се направат измени и дополнувања на *Законот за виша сила*, како и донесување на посебен *Закон за вонредна состојба* во кој детално ќе бидат дефинирани улогите на релевантните чинители, особено улогите на органите на власта, со цел да се обезбеди координација на активностите во ублажувањето на последиците од дејствувањето на т.н. *виша сила/пандемијата*.

5. Во Законот за работни односи, но и во колективните договори, прецизно да се дефинира контекстот (елементите) настанат кога работата мора да престане *по ничија вина* што ќе овозможи креирање на адекватни мерки и надлежности за системско ублажување на последиците.

6. Бидејќи *работата од дома* предизвикува дополнителни трошоци за вработените легислативата да предвиди покривање на трошоците поврзани со извршување на работата од дома (функционирање, одржување и поправка на опремата за работа од дома, одржување на работен простор во домот, посебни инсталации и друго)

7. Во услови на пандемија кога работниот процес се одвива во континуитет потребна е засилена контрола (инспекциски служби) за проверка на доследно спроведување на правото за добивање редовна плата, како и исплатата на дополнителни награди за вонредни напори и залагање.

8. МТСП во соработка со социјалните партнери и други чинители во доменот на заштитата при работа да подготви Правилник во кој ќе бидат прецизирани и издвоени занимањата (работните места) кои се извршуваат во животно загрозувачки услови (пандемија и слични ризици) и за нив да се предвидат посебни заштитни мерки и екстра награда.

9. Носење на законски решенија (Законот за работни односи) со цел подобрување на условите (ресурсите) за имплементација на политиките за семејно-работна рамнотежа според условите со кои располага државата.

10. Носење на законски решенија за работодавачите (претпријатија, државна администрација, образовни институции) за спроведување на обуки за усвојување на напредна комуникациска технологија и знаење за нејзино користење во функција на реализација на работните обврски во услови на пандемија со што би се сочувале работните места.